# „Аллах даде пример за правиот пат

Неввас бин Семан ел Енсари, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Аллах даде пример за правиот пат. Од двете страни на патот има ѕидови со отворени врати, прекриени со завеси. На почетокот на патот стои повикувач кој вели: ‚Луѓе, влезете на правиот пат и не скршнувајте.' Друг повикувач, кој се наоѓа над патот, кога некој сака да ја отвори некоја врата, го предупредува: ‚Внимавај, не ја отворај оваа врата! Ако ја отвориш, ќе влезеш внатре.' Патот е исламот, ѕидовите се Аллаховите граници, а отворените врати се Аллаховите забрани. Повикувачот на почетокот на патот е Божјата книга, а повикувачот над патот е Аллаховиот советник во срцето на секој муслиман.“

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, објасни дека Аллах дал пример за исламот како прав пат кој е без свиоци и без кривини. Од двете страни на овој пат има ѕидови кои го опкружуваат, а тие се Аллаховите граници. Меѓу тие ѕидови има отворени врати што ги претставуваат Аллаховите забрани. На тие врати има завеси кои го кријат тоа што е внатре од оние кои одат по патот. На почетокот на патот стои повикувач кој ги води и упатува луѓето и им вели: „Одете по него и не скршнувајте.“ Овој повикувач е Божјата книга. Над патот има друг повикувач, и секој пат кога некој ќе се обиде да ги отвори завесите од тие врати, тој го предупредува: „Внимавај, не го отворај тоа! Ако го отвориш, ќе влезеш внатре и нема да можеш да се воздржиш.“ Овој повикувач е Аллаховиот советник кој секој муслиман го има во своето срце.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee